**20151494229**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за хемикалии,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08- 3903/1
26 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ

Член 1

Во Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ број 145/10, 53/11, 164/13 и 116/15), во членот 142 став (1) во воведната реченица зборовите: „3.000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од став (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице. “

Член 2

Член 144 се менува и гласи:

„Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.“

Член 3

Член 145 се менува и гласи:

„(1) За прекршоците утврдени во членовите 142 и 143 од овој закон, инспекторот за хемикалии е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

(2) Инспекторот за хемикалии е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и за исходот на постапката.

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за здравство. "

Член 4

По членот 145 се додава нов член 145-а, кој гласи:

„Член 145-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците. "

Член 5

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".